Една можна "тајна" сврзана со речиси целиот досегашен развој на ликовна уметност на **Илија Кочовски** е - фасцинантната голема Тајна на Природата. Безмалу опсесивно обземен од нејзините бесконечни варијации на редот и "хаосот", од нејзината неповторлива ликовност и загадочна мин-ливост / менливост, Кочовски во неа открива неисцрпен свет на сопствени ликовни предизвици. Свесен дека не е ниту прв ниту пак последен ликовен уметник што се зафатил со невозможната задача да ја открива големата Тајна, Кочовски како да изградил лична стратегија на *слоевита* опсерваци-ја, *постапно сведување* и ликовно *сублимирање* на нејзините значења.

И преку колоритот и преку тематската определба, и во лирско-поетската обземеност и во "наративната" структура ... уметноста на Илија Кочовски е *уметност на атмосферата*! Во неа се испреплетуваат и лиризмот и драмско-то, и мистиката и метафизиката, и реалното и апстрактното ... Уметникот набљудува, доживува и возвраќа како хаику мајстор, "учи од борот да биде бор" (Башо). Односно, како што хаику поезијата наликува на еднобоен цртеж со туш, така делата на Кочовски наликуваат на прекрасната сеоп-фатност на значењата на стиховите на еден Башо или Соги. Станува имено збор за безмалу слични *естетики на навестување* (В.Санович), за стилски стремеж за континуирано *сведување*, за неколку навидум нафрлени детали што ја создаваат целоста ... привидна едноставност која оживува еден огромен свет. Или, можеби, како што вели Сузуки, тоа е самата суштина на сликарството и хаику поезијата: внатрешната нужност да се искаже само со крик или замав на четкичката!

Ако пак во целата негова сеопфатност треба да се издвои доминантен тип на атмосфера, тоа сепак би била *тишината*. Поточно, "ако навистина посто-јат повеќе видови тишина, тогаш една од нив секако е онаа во делата на Кочовски: онаа исконска тишина со свечен ѕвон и складен одзив, непомат-ен мир и рамнотежа" ... "епифанијата на тишината" чија аура лебдее над целиот досегашен опус на уметникот!

**Златко Теодосиевски**



Убавица и ѕвер
дрворез, 5.000 ден.



Предел
дрворез, 2.000 ден.

КАФЕ ГАЛЕРИЈА - МАЛА СТАНИЦА

# ИЛИЈА КОЧОВСКИ



## ГРАФИКИ

**декември 2005**



Убавици и ѕвер
дрворез, 7.500 ден.



Убавици и ѕвер
дрворез, 7.500 ден.



На патот
дрворез, 1.500 ден.



Предел
линорез, 3.000 ден.



Лов на елени
линорез, 5.500 ден.



Убавица и ѕвер
дрворез, 6.000 ден.



Убавица и ѕвер
дрворез, 3.500 ден.



Убавица и ѕвер
дрворез, 3.000 ден.



Убавица и ѕвер
дрворез, 10.000 ден.



Мугра
дрворез, 2.000 ден.



Убавица и ѕвер
дрворез, 3.000 ден.



4 елементи
сито печат, 2.000